СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА КОЧАНИ

БРОЈ 12 | КОЧАНИ, 30 Октомври 2026 ГОДИНА | ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА

Врз основа на членот 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани одржана на 30.10.2026 година

I

Ги објавувам актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани, одржана на 30.10.2026 година, и тоа:

1. Програма за изменување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти на подрачјето на Општина Кочани за 2026 година, Бр.09-1809/1

2. Одлука за прифаќање на предлогот на Градоначалникот на Општина Кочани за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кочани и Општина Гази Баба и за утврдување предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кочани и Општина Гази Баба, Бр. 09-1807/1

3. Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на услови во врска со вршење на автотакси превоз на патници на подрачјето на општина Кочани, Бр. 09-1810/1

4. Одлука за вршење техничка исправка на Деталниот урбанистички план на ГП бр. Б56.9, односно дел од КП бр. 14648/1 и дел од КП бр. 14648/3 КО Кочани и ГП бр. Б56.21, односно КП бр. 14648/2, дел од КП бр. 14648/3 и дел од КП бр. 14648/1 КО Кочани, од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани (донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998 г.), Бр. 09-1811/1

5. Одлука за давање согласност на Договор за донација за елаборат за поставување урбана опрема – монтажно-демонтажни јавни паркинзи во Кочани, Бр.09-1813/1

6. Заклучок за усвојување на извештаите за работењето на општинските средни училишта (СОУ „Гошо Викентиев“ – Кочани и СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани) за учебната 2025/2026 година, Бр. 09-1802/1

7. Заклучок за усвојување на годишните програми за работа на општинските средни училишта (СОУ „Гошо Викентиев“ – Кочани и СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани) за учебната 2026/2027 година, Бр. 09-1803/1

8. Заклучок за давање согласност на Планот за вработување на КЈП „Водовод“ – Кочани за 2027 година, Бр. 09-1804/1

9. Заклучок во врска со Планот за вработување на КЈП „Водовод“ – Кочани во 2027 година, Бр. 09-1804/2

10. Заклучок за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за периодот трет квартал од 2026 година, Бр. 09-1805/1

11. Заклучок за усвојување План за одржлива урбана мобилност на општина Кочани за периодот 2027 – 2037 година, Бр. 09-1808/1

12. Решение за формирање координативно тело за подготовка, организирање и формирање Музеј на Кочани, Бр.09-1812/1

13. Јавен повик за пројавување интерес за пријавување кандидати за избор на членови на Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие за стопанисување, поставување и одржување на јавно осветлување, вршење јавен превоз на патници и превоз на ученици „Светлина Ко 2022“ – Кочани, Бр.09-1806/1

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“

Бр. 08-1814/1
30.10.2026 година
К о ч а н и

Градоначалник
на Општина Кочани
Владко Гроздановв

Врз основа на членот 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25,127/25 и 134/26), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.10. 2026 година, донесе

ПРОГРАМА
за изменување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти на подрачјето на Општина Кочани за 2026 година

Член 1

Во Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти на подрачјето на Општина Кочани за 2026 година, („Службен гласник на Општина Кочани“ бр. 18/2025 г.), се врши следната измена:

- Во поглавјето IV. Детален урбанистички план, во табелата со Детални урбанистички планови, во ред 9. „Детален урбанистички план за ГЧ 15“, зборовите „Буџет на Општина“ се заменуваат со зборовите „самофинансирање од заинтересирани лица“.

Член 2

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1809/1
30. 10.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024 и 241/2024) и членот 6, став 1 и став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.10.2026 година, донесе

ОДЛУКА
за прифаќање на предлогот на Градоначалникот на Општина Кочани за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кочани и Општина Гази Баба и за утврдување предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кочани и Општина Гази Баба

Член 1
Се прифаќа предлогот на Градоначалникот на Општина Кочани за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кочани и Општина Гази Баба.

Член 2
Се утврдува предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кочани и Општина Гази Баба.

Член 3
Надлежност: во областа на давање интелектуални услуги од овластен градежен инспектор – државен службеник од Општина Гази Баба (давател на услуга) за потребите и за сметка на Општина Кочани (корисник на услугата), преку „склучување договори за вршење определени работи од една општина за една или повеќе други општини“ во согласност со членот 9, став 2, алинеја 2 од Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 4
Можни финансиски импликации од соработката: За работното ангажирање на лицето од Општина Гази Баба ќе се склучи посебен договор во кој ќе бидат уредени правата и обврските на Општините Кочани и Гази Баба.

Член 5
Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кочани и Општина Гази Баба да се достави до Советот на Општина Гази Баба за нивно информирање и понатамошно постапување.

Член 6
Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1807/1
30. 10.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

Врз основа на членот 53 и членот 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 68/0468/2004; 23/2006; 127/2006; 64/2008; 114/2009; 50/2010; 83/2010; 140/2010; 152/2010; 17/2011; 53/2011; 6/2012; 23/2013; 120/2013; 163/2013; 187/2013; 42/2014; 112/2014; 166/2014; 20/2015; 44/2015; 97/2015; 124/2015; 129/2015; 193/2015; 37/2016; 71/2016; 64/2018; 140/2018; 163/2018; 275/2019; 86/2020; 67/2022; 170/2024; 3/2025; 17/2025; 101/2025 и 223/2026), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.10.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за изменување на Одлуката за утврдување услови во врска со вршење автотакси превоз на патници на подрачјето на општина Кочани

Член 1

Во Одлуката за утврдување услови во врска со вршење автотакси превоз на патници на подрачјето на општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр. 10/2019 – пречистен текст), во членот 8 зборовите „со жолто обоени гепек и хауба“ се бришат.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1810/1
30. 10.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

Врз основа на членот 36 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25, 134/26 и 212/26), Советот на Општина Кочани на седница одржана на 30.10.2026 година, донесе

ОДЛУКА

за вршење техничка исправка на Деталниот урбанистички план на ГП бр. Б56.9, односно дел од КП бр.14648/1 и дел од КП бр. 14648/3 КО Кочани и ГП бр. Б56.21, односно КП бр. 14648/2, дел од КП бр. 14648/3 и дел од КП бр. 14648/1 КО Кочани, од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани (донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.)

Член 1

Со оваа Одлука се врши техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци на ГП бр. Б56.9, односно дел од КП бр. 14648/1 и дел од КП бр. 14648/3 КО Кочани и ГП бр. Б56.21, односно КП бр. 14648/2, дел од КП бр. 14648/3 и дел од КП бр. 14648/1 КО Кочани, од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани (донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.), по добиеното позитивно мислење бр. 22-1113/2 од 16.10.2026 г. од Комисијата за урбанизам, формирана со Решение бр. 08-207/1 од 22.01.2026 година од Градоначалникот на Општина Кочани.
Предмет на техничката исправка е корекција на нумеричките показатели за градежните парцели: ГП бр. Б56.9 и ГП бр. Б56.21 во табелите од нумеричкиот дел на Измена и дополнување на ДУП за град Кочани (донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998 г.), односно:
– Во табеларниот приказ со нумеричи показатели од Планска документација на Измена и дополнување на Детален урбанистички план на град Кочани (донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998 г.), „ Детален лист 33“ во третата колона, во табелата за „Број БЛОК Б56”,
– во податоците за ГП 9, 2 ред, колона 4 (површина на ГП) бројот „280”се заменува со бројот „331”, колона 5 (изграденост м²) бројот „159“ се заменува со бројот „66“, колона 6 (изграденост %) бројот „33 %” се заменува со бројот „20 %”, колона 7 (к), бројот „0,7“ се заменува со бројот „0,4“.
– во податоците за ГП 21, 15-ти ред, колона 4 (површина на ГП) бројот „437” се заменува со бројот „489”, колона 5 (изграденост м²) бројот „144“ се заменува со бројот „135“, колона 6 (изграденост %) бројот „34 %” се заменува со бројот „28 %”, колона 7 (к), бројот „0,7“ се заменува со бројот „0,6“.

Член 2

Техничка исправка на детален урбанистички план на ГП бр. Б56.9, односно дел од КП бр. 14648/1 и дел од КП бр. 14648/3 КО Кочани и ГП бр. Б56.21, односно КП бр. 14648/2, дел од КП бр. 14648/3 и дел од КП бр. 14648/1 КО Кочани, од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998 г.), со технички бр. 0801-309/26 од октомври 2026 г. изработена од ДТУ БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје, е составен дел на Измена и дополнување на ДУП на град Кочани (донесен со одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.).

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Кочани".

Бр.09 - 1811/1
30. 10.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/2024), а во врска со членот 3, став 1, точка 4; членот 6 и членот 7, став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), членот 6, став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25 и 77/26), Советот на Општина Кочани на седницата, одржана на 30.10.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност на Договор за донација за елаборат за поставување урбана опрема – монтажно-демонтажни јавни паркинзи во Кочани

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Договорот за донација за елаборат за поставување урбана опрема – монтажно-демонтажни јавни паркинзи во Кочани, заверен наш бр. 08-1794/1 од 29.10.2026 година.

Член 2

Предмет на договорот за донација е доделување донација од страна на донаторот Здружение на граѓани за хуманитарни активности ЛАЗАРУС ХУМАНИТАРНА ОРГАНИЗАЦИЈА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ и тоа: Елаборат за поставување урбана опрема за монтажно-демонтажни јавни паркинзи во Кочани.

Вредноста на донацијата изнесува: 30.000 (триесет илјади) денари.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09 - 1813/1
30. 10.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

Врз основа на членот 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.10.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на извештаите за работењето на општинските средни училишта (СОУ „Гошо Викентиев“ – Кочани и СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани) за учебната 2025/2026 година

I.
Се усвојуваат извештаите за работењето на општинските средни училишта (СОУ „Гошо Викентиев“ Кочани и СОУ „Љупчо Сантов“ Кочани) за учебната 2025/2026 година.

II.
Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1802/1
30. 10.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

Врз основа на членот 36, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.10.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на годишните програми за работа на општинските средни училишта (СОУ „Гошо Викентиев“ – Кочани и СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани) за учебната 2026/2027 година

I.
Се усвојуваат годишните програми за работа на општинските средни училишта (СОУ „Гошо Викентиев“ – Кочани и СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани) за учебната 2026/2027 година.

II.
Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1803/1
30. 10.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

Врз основа на членот 20-б, став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 27/2014; 199/2014; 27/2016; 35/2018; 198/2018; 143/2019, 14/2020, 95/2020, 302/2020, 208/2024 и 210/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.10.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на Планот за вработување на КЈП „Водовод“ – Кочани за 2027 година

I.

Се дава согласност на Годишниот план за вработување на КЈП „Водовод“ – Кочани за 2027 година, бр. 01-279/1 од 31.08.2026 година.

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1804/1
30. 10.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.10.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
во врска со Планот за вработување на КЈП „Водовод“ – Кочани во 2027 година

I.

Советот на Општина Кочани бара од КЈП „Водовод“ – Кочани при спроведување на постапка за јавна набавка за избор на приватна агенција за вработување во условите за учество во тендерската документација да предвидат можност за учество на агенции кои се имаат здобиено со лиценца од А-Г и на тој начин да ги намалат трошоците за провизија.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1804/2
30. 10.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

Врз основа на членот 36, став 1, точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.10.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за периодот трет квартал од 2026 година

I.

Се усвојува Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за периодот трет квартал од 2026 година.

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1805/1
30. 10.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.10.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување План за одржлива урбана мобилност на општина Кочани за периодот 2027 – 2037 година

I.

Се усвојува Планот за одржлива урбана мобилност на општина Кочани за периодот 2027 – 2037 година.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1808/1
30. 10.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.10.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за формирање Координативно тело за подготовка, организирање и формирање Музеј на Кочани

I.

Се формира координативно тело за подготовка, организирање и формирање Музеј на Кочани, во состав:

1. Венцо Бојков – координатор
2. Илинка Атанасова – археолог, пензиониран куратор од Археолошки музеј
3. м-р Иле Велков – историчар
4. Кристина Г. Атанасова – етнолог и директор на ЈОУ Библиотека „Искра“ – Кочани
5. д-р Александар Атанасов – црковен историчар од Македонската православна богословија
6. д-р Марјан Гијовски – историчар и архивист, Државен архив на Република Македонија
7. Никола Стојов – фолклорист, колекционер на етнолошки предмети и старини, носии и изработувач на инструменти, ФА „Осоговски извор“
8. Дени Илиов – архитект
9. Надица Атанасова
10. Аспарух Михаилов
11. Ана Зафирова.

II.

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1812/1
30. 10.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

Врз основа на членот 17-а, став 2 и членот 26, став 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.75/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/2026) и согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување интерес за пријавување кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 213/24 од 16.10.2024 година), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.10.2026 година, донесе и објавува:

ЈАВЕН ПОВИК

за пројавување интерес за пријавување кандидати за избор на членови на Управен и Надзорен одбор на Јавното претпријатие за стопанисување, поставување и одржување на јавно осветлување, вршење јавен превоз на патници и превоз на ученици „Светлина Ко 2022“ – Кочани

- НАЗИВ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈП: Совет на Општина Кочани

- НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ:

Јавно претпријатие за стопанисување, поставување и одржување на јавно осветлување, вршење јавен превоз на патници и превоз на ученици „Светлина Ко 2022“ – Кочани, седиште на ул. „Раде Кратовче“ бр. 1 – Кочани

- ОСНОВ ЗА ОБЈАВУВАЊЕ:

Избор на пет членови на Управниот одбор на ЈП „Светлина Ко 2022“ – Кочани и избор на три членови на Надзорниот одбор на ЈП „Светлина Ко 2022“ – Кочани.

Постапката се спроведува согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување интерес за пријавување кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 213/24 од 16.10.2024 година).

- ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите заинтересирани физички лица кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб-страницата на Општина Кочани www.kocani.gov.mk и на веб-страницата на ЈП „Светлина Ко 2022“ – Кочани

- УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

За член на управен одбор и член на надзорен одбор на јавното претпријатие може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII степен образование и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен овие општи услови наведени во членот 17, став 4 од Законот за јавни претпријатија, членовите на управниот одбор, согласно членот 17, став 5 од Законот за јавни претпријатија треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа најмалку пет години работно искуство од кои:

- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиското работење,
- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на правните работи.

Членовите во надзорниот одбор на јавните претпријатија освен претходно наведените услови, согласно членот 26, став 2 од Законот за јавни претпријатија, согласно членот 26, став 3, треба да имаат и соодветно работно искуство и тоа:

- еден член на надзорниот одбор, треба да има најмалку пет години работно искуство,
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите на Управниот и на Надзорниот одбор изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Членовите на управниот и на надзорниот одбор на јавното претпријатие ги именува, односно ги разрешува основачот на јавното претпријатие.

- ДОКУМЕНТИ КОИ ТРЕБА ДА БИДАТ ДОСТАВЕНИ КАКО ДОКАЗ ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ или ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈП „Светлина Ко 2022“ – Кочани

- Уверение за државјанство на Република Северна Македонија,
- Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
- Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- Потврда за евидентиран стаж од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија
- Кратка биографија,
- Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање, согласно закон.

- НАЧИН И РОК НА ДОСТАВА НА ДОКАЗИТЕ / ПРИЈАВИТЕ

Пријавените кандидати соодветната документација во хартиена форма во оригинал или копија заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (која е прилог кон повикот) да ја достават до:

Општина Кочани, ул„Раде Кратовче“ бр. 1, Кочани или во Архива на Општина Кочани (со назнака: За Јавен повик за именување член на управен и на надзорен одбор на ЈП „Светлина Ко 2022“ – Кочани, со точно назначување дали се пријавува како член за управен или за член на надзорен одбор на ЈП „Светлина Ко 2022“ – Кочани)

Јавниот повик се објавува на 02.11.2026 година и трае 5 (пет) работни дена, односно најдоцна до 06.11.2026 година.

Краен рок за поднесување на пријавите е 06.11.2026 година.

Незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови во управниот и во надзорниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

Напомена: Пријавите без комплетно приложена документација или доставените по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.

II.

Јавниот повик влегува во сила со денот на

донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1806/1
30. 10.2026 година

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

Образец за пријавување на јавен повик за пројавување интерес за пријавување кандидати за избор на член на управен/надзорен одбор на јавно претпријатие

ПРИЈАВА
за пријавување на јавен повик за пројавување интерес за пријавување кандидати за избор на член на управен/надзорен одбор на јавно претпријатие

Ја поднесувам оваа пријава со прилог документација за кандидат за избор на член на (да се наведе управен или надзорен одбор) _____ одбор на ЈП „Светлина Ко 2022“ – Кочани.

1.	Назив и седиште на јавното претпријатие	ЈП „Светлина Ко 2022“ – Кочани со седиште на ул. „Раде Кратовче“ бр. 1 Кочани
2.	Име и презиме	
3.	Место на живеење (улица и број)	
4.	Телефон за контакт	
5.	Е-маил/e-mail	
6.	Кратка биографија	
7.	Уверение за државјанство	
8.	Уверение или диплома за завршено високо образование	
9	Доказ за соодветно работно искуство наведено во јавниот повик (потврда од ФПИОСМ за евидентиран стаж)	
10.	Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон	
12.	Потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност	

Датум Потпис на подносителот

_____ _____

Пополнува примачот на пријавата	
Архивски број на пријавата	
Датум на прием на пријавата _____година	Потпис и печат _____

СОДРЖИНА

1. Програма за изменување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти на подрачјето на Општина Кочани за 2026 година, Бр.09-1809/1
Стр.2
2. Одлука за прифаќање на предлогот на Градоначалникот на Општина Кочани за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кочани и Општина Гази Баба и за утврдување предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кочани и Општина Гази Баба, Бр. 09-1807/1
Стр.3
3. Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на услови во врска со вршење на автотакси превоз на патници на подрачјето на општина Кочани, Бр. 09-1810/1
Стр.3
4. Одлука за вршење техничка исправка на Деталниот урбанистички план на ГП бр. Б56.9, односно дел од КП бр. 14648/1 и дел од КП бр. 14648/3 КО Кочани и ГП бр. Б56.21, односно КП бр. 14648/2, дел од КП бр. 14648/3 и дел од КП бр. 14648/1 КО Кочани, од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани (донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998 г.), Бр. 09-1811/1
Стр.4
5. Одлука за давање согласност на Договор за донација за елаборат за поставување урбана опрема – монтажно-демонтажни јавни паркинзи во Кочани, Бр.09-1813/1
Стр.5
6. Заклучок за усвојување на извештаите за работењето на општинските средни училишта (СОУ „Гошо Викентиев“ – Кочани и СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани) за учебната 2025/2026 година, Бр. 09-1802/1
Стр.6
7. Заклучок за усвојување на годишните програми за работа на општинските средни училишта (СОУ „Гошо Викентиев“ – Кочани и СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани) за учебната 2026/2027 година, Бр. 09-1803/1
Стр.6
8. Заклучок за давање согласност на Планот за вработување на КЈП „Водовод“ – Кочани за 2027 година, Бр. 09-1804/1
Стр.6
9. Заклучок во врска со Планот за вработување на КЈП „Водовод“ – Кочани во 2027 година, Бр. 09-1804/2
Стр.7
10. Заклучок за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за периодот трет квартал од 2026 година, Бр. 09-1805/1
Стр.7
11. Заклучок за усвојување План за одржлива урбана мобилност на општина Кочани за периодот 2027 – 2037 година, Бр. 09-1808/1
Стр.8
12. Решение за формирање координативно тело за подготовка, организирање и формирање Музеј на Кочани, Бр.09-1812/1
Стр.8
13. Јавен повик за пројавување интерес за пријавување кандидати за избор на членови на Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие за стопанисување, поставување и одржување на јавно осветлување, вршење јавен превоз на патници и превоз на ученици „Светлина Ко 2022“ – Кочани, Бр.09-1806/1
Стр.9